Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4344/1 од 17.09.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4344/1 од 17.09.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-4344/1 од 17.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4344/1 од 17.09.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за сторени незаконитости преземени од страна на инвеститорот ------------- поврзани со изградба на објект- зграда на ул. ---------------- населба -------, кој при изградба на објектот незаконски надвор од површината за која му е издадена дозволата за градење изградил бетонски столбови на тротоар што е во државна сопственост.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-444/3 од 09.08.2020 година со кое побара од Општина Аеродром да се проверат наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Од Општина Аеродром во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и прибавените податоци од други надлежни институции, при што го утврди следното:

-Инвеститорот -------------преку електронскиот систем е-дозвола, поднел Барање бр. УП1 20-182 од 22.11.2018 год. за Одобрение за градење станбена зграда од втора категорија, на ул. ------------------. По

завршување на управната постапка, општината Аеродром издала Одобрение за градење бр. УП120-182 од 18.04.2019 год. правосилно на 02.05.2019 год.

-На ден 13.03.2019 година инвеститорот дал известување за отпочнување со изведување на градежни работи со Известување бр. 29-30/1 од 13.03.2019 год. На ден 09.05.2019 год. бил извршен увид и било констатирано со Записник за констатација бр. ИП1 29-81 дека инвеститорот гради врз основа на Одобрение за градење но поради опасност од одронување на косина при темелење донесено било Решение за прекинување бр. ИП1 29-81 од 09.05.2019 год. и инвеститорот постапил и ја отстранил опасноста при што е констатирано со Записник од контролен инспекциски надзор со бр. ИП1 29-81 од 15.11.2019 г.

- Извршен бил инспекциски надзор при што било констатирано со Записник за констатација бр. ИП1 29-81/2019 од 15.06.2020 г. дека во моментот на увид и врз основа на мерење на лице место, објектот е изграден врз основа на Одобрение за градење бр. УП1 20-182 од 17.04.2019 г и врз основа на заверениот проект тех.бр. ИГ 12/18Ф2018 изработен од -------------------- и нема основ за поведување на инспекциски постапка. Со новата констатирана состојба од страна на општината е констатирано дека нема основ за поведување на инспекциска постапка.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека постапиле други надлежни органи (овластен градежен инспектор) кои во рамките на своите надлежности преземале процесни дејствија согласно закон со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај и преземале конкретни дејствија во насока на отстранување на утврдените неправилности и опасностите во текот на градењето на објектот по кои дејствија инвеститорот постапил и неправилностите ги отстранил. Оттаму ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени, нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**